# Програма за помош на заедницата (CAP) на MTIA

## Дирекцијата за капитална транспортна инфраструктура (MTIA) тесно соработува со Министерството  за транспорт при планирањето, испораката и изградбата на капитални транспортни проекти.

Министерството за транспорт и MTIA обезбедуваат капиталните градежни активности и нарушувањата да се координирани ширум транспортната мрежа, вклучително плановите за продолжување на движењето на луѓе во периоди на капитални работи. MTIA е одговорна за испораката на 165 капитални транспортни проекти во Викторија. Таа е составена од 5 проектни тимови:

- Проект за отстранување на железнички премини во ниво
- Капитални патни проекти Викторија
- Проект North East Link
- Железнички проекти Викторија
- Проект West Gate тунел.

Програмата за помош на заедницата (Community Assistance Program - CAP) е бесплатна услуга на професионална помош во доверба на жителите, сопствениците на бизнис и на нивните потесни семејства на кои влијаела изградбата на овие капитални проекти.

CAP може да ви помогне со разговор во безбедна средина со квалификувани психолози и социјални работници за работата, животот или кое било лично прашање. MTIA го ангажира водечкиот давател на здравствени услуги, New View Psychology (NVP), да ја дава оваа услуга на поддршка.

NVP е независна трета страна. Можете да бидете уверени дека услугата е во строга доверливост. NVP ги почитува задолжителните закони и принципи за приватност, како и професионалните стандарди и етички кодекси.

### Како NVP може да помогне?

NVP ќе ви помогне да ги идентификувате, истражите и се справите со сите прашања што влијаат на вашиот живот, кои може да вклучуваат:

- Стрес
- Вознемиреност и лошо расположение
- Лутина и емоционално регулирање
- Тага и загуба/тешкотии со приспособување
- Семејни прашања/влијание
- Проблеми со зависност заради справување со промени (зголемено користење на алкохол, пушење или други дроги)
- Финансиски тешкотии
- Влијание врз животот
- Тешкотии со справувањето со промена
- Проблеми со спиењето
- Дислокација
- Тешкотии со справување со фактори на стрес поради околината (бучава, прашина и влијание од градежни работи)

### Каде се одржува советувањето?

CAP дава советодавни услуги по телефон, преку видео модалитети и лице во лице на некоја од локациите на NVP ширум Викторија.

### Кои се советниците?

Советниците на NVP се квалификувани психолози и социјални работници, со акредитација од врвни индустриски тела и со искуство.

### Кој ја плаќа услугата?

MTIA, од името на Викторискaта влада, целосно ја субвенционира CAP за жителите, сопствениците на бизниси и за нивните потесни семејства, на кои влијаеле подготовките и испораката на капитални проекти на транспортна инфраструктура изведени од страна на MTIA.

### Колку советодавни сесии може да добијам?

Секое домаќинство или бизнис кој користи услуга на CAP има право на шест едночасовни сесии.

### Закажете термин

Закажете термин во време и на локација што ви одговараат, јавувајќи се на овој број:

1300 830 687 и наведете го кодот на клиент на соодветниот проект:

| Име на проектот | Код на клиентот |
|---|---|
| Проект за отстранување на железнички премини во ниво | CSLX |
| Капитални патни проекти Викторија | MRPV |
| Проект North East Link | NEL |
| Железнички проекти Викторија | RPV |
| Проект West Gate тунел | WGTP |